СТ-36/24

ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА со стечајниот судија Соња Ѓонческа, постапувајќи по предлогот на предлагачот Милош Јанковски од с.Враништа Струга, за отворање на стечајна постапка против стечајниот должник Друштво за градежништво, трговија и услуги ЈАНКОВСКИ ГРАДБА ДООЕЛ увоз-извоз с.Враништа Струга, вон рочиште, на ден 21.03.2024 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Против стечајниот должник Друштво за градежништво, трговија и услуги ЈАНКОВСКИ ГРАДБА ДООЕЛ увоз-извоз с.Враништа Струга, со единствен матичен број на деловниот субјект 7566085, даночен број 4026022537281, со трансакциска сметка број 210-0756608501-82 при НЛБ банка АД Скопје, - **СЕ ПОВЕДУВА** претходна постапка за утврдување на причините за отварање на стечајна постапка.

За привремен стечаен управник се именува Александар Деспотоски од Охрид, кој се задолжува да утврди дали должникот е неспособен за плаќање и дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката.

Рочиштето за испитување на условите за отварање на стечајна постапка се закажува **за ден 18.04.2024 година во 08.20 часот,** во просториите на Основниот суд во Струга, судница број 20.

Се повикуваат полномошникот на предлагачот, должникот и привремениот стечаен управник да присуствуваат на рочиштето.

## Образложение

Предлагачот Милош Јанковски од с.Враништа Струга, до овој суд поднесе предлог за отворање на стечајна постапка против стечајниот должник Друштво за градежништво, трговија и услуги ЈАНКОВСКИ ГРАДБА ДООЕЛ увоз-извоз с.Враништа Струга.

Во предлогот наведе дека друштвото имало неизмирени обврски по основ на стасани неплатени јавни давачки а сметката на должникот била блокирана со што биле исполнети условите за отворање на стечајна постапка. Побара да се поведе претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечај.

Стечајниот судија откако го разгледа предлогот, утврди дека согласно член 51 став 9 од Законот за стечај со предлогот се доставени неопходните докази и се содржани условите за поведување на стечајна постапка.

Имајќи го во предвид наведеното согласно член 54 став 2 и 3 од Законот за стечај, се одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Соња Ѓонческа с.р.

ПОУКА: Согласно член 54 став 5 од ЗС против решението жалба не е дозволена

Д-ви на:
* предлагачот/полномошникот,
* должникот со предлогот,
* привремениот стечаен управник,
* ВЕБ страната на судот,
* Централен регистар.